ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-167/11**

**Дата: 27.12.2010**

**ДО**

## ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ„ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

### Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Основното училиште „Гоце Делчев“-Центар, Скопје (во понатамошниот текст ОУ „Гоце Делчев “ Скопје) на сметката на основен буџет за 2009 година .

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата изрази негативно мислење за реалноста и објективноста на Билансот на состојба на ден 31 декември 2009 година, и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Со ревизијата е констатирано дека не е извршено сметководствено евидентирање на набавените материјали за хигиена на залиха, не е извршен попис на ден 31.12.2009 година и не е воспоставена материјална евиденција на истите, што упатува на необезбедена материјална одговорност.

Ревизијата укажа на потребата од сметководствено евидентирање на овие материјали на залиха и материјално задолжување на одговорните лица во училиштето.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 6 до 7 заедно со ревизија на усогласеност на ОУ„Гоце Делчев„ Скопје на сметката на основен буџет за 2009 година, кои се состојат од биланс на приходи и расходи за годината која е предмет на ревизија и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на ОУ„Гоце Делчев„ Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Цвета Мишевска директор од 18.03.2009 година и претхотдно како в.д директор од 18.01.2008 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ОУ„Гоце Делчев„ Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

**2.1.** Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**2.2.** Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

**2.3.** Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во

околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.10.2010 година до 29.10.2010 година од тим на Државниот завод за ревозија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 01.11.2010 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-167/5 од 22.11.2010 година.

## 3.1 Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

**3.1.1.** ОУ„Гоце Делчев„ Центар - Скопје набавило материјали за хигиена на ден 27 и 28 декември 2009 година во износ од 142 илјади денари кои не се евидентирани во сметководствената евиденција на залихи. Не се воспоставени процедури при приемот и издавањето на материјалите во употреба и истите целосно се сметаат како потрошок, иако не постои реална можност за тоа, имајќи го предвид временскиот период од набавката до известувањето. Не е извршен попис и не е потврдено физичко постоење на залихите на материјали на ден 31 декември, што не е во согласност со член 21 од Законот и член 29-35 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Ваквата состојба има за ефект нереално и необјективно прикажување на позицијата залихите и необезбедена материјална одговорност за истите.

**Препорака**

Одговорното лице во училиштето да обезбеди финансиско и материјално евидентирање на залихите на материјали во сметководствената евиденција на училиштето и материјална одговорност од лице кое ќе биде задолжено со нив.

## 4. Ревизорско мислење

### Вкупни ефекти од наодите

Поради изнесеното во точката 3.1.1. кое се однесува на неизвршено сметководствено евидентирање на залихите за набавените материјали за хигиена во износ од 142 илјади денари и претставува 100% од вкупните трансакции на оваа сметка, како и неизвршениот попис на истите кој ќе го потврди нивното физичко постоење на залиха, ревизијата изразува негативно мислење за Билансот на состојба на ден 31.12.2009 година.

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење , поради значаењето на прашањето изнесено во точката 3.1.1. Билансот на состојба не ја прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ОУ„Гоце Делчев“ Центар - Скопје на ден 31 декември 2009 година, додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со законите и прописите

Според наше мислење, поради значењето на прашањето изнесено во точката 3.1.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ОУ„Гоце Делчев “ Центар - Скопје, во сите материјални аспекти, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 23.12. 2010 година

| БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | 2009 | 2008 |
| | | |
| **Приходи** | | |
| **Неданочни приходи** | 0 | 0 |
| Трансфери и донации | 142 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **142** | **0** |
| | | |
| **Расходи** | | |
| **Стоки и услуги** | 0 | 0 |
| Средства за одржување на хигиена | 142 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | 142 | 0 |
| | | |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 0 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **0** | **0** |
| | | |
| **Отплата на главнина** | **0** | **0** |
| | | |
| **Вкупно расходи** | 142 | 0 |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | | 2009 | | 2008 |
| **Актива** | | | | |
| **Тековни средства** | | | | |
| Залихи | | 0 | | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **0** | | **0** |
| **Постојани средства** | | | | |
| Материјални средства | | 0 | | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **0** | | **0** |
| **Вкупна актива** | | **0** | | **0** |
| **Пасива** | | | | |
| **Тековни обврски** | | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | | 0 | | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | | 0 | | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **0** | | **0** |
| **Извори на средства** | | | | |
| Извори на капитални средства | | 0 | | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **0** | | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **0** | | **0** |